Емил Калешковски

# СОНЦЕТО ПОНЕКОГАШ...

**Емил Калешковски**

# СОНЦЕТО ПОНЕКОГАШ...

**МАКЕДОНСКА РЕЧ**
**Скопје, 2006**

# ДРВО

## Ц Р Н О Т О   И   Б Е Л О Т О
***(космогониски мит)***

Си зборуваа црното и
                                        белото
потоа се скараа
и црното
го проголта белото

Белото
му мешаше
во стомакот
му ги преврте цревата
и
црното го поврати белото

И белото
го проголта црното

Црното
му мешаше
во стомакот
му ги преврте цревата
и
белото го поврати црното

* * *

Црното
и
белото
се измешаа и сé стана
сиво[1]

---

[1] „Сивото е безнадежна неподвижност“ – Според Василиј Кандински.

## Ш А Р К А

песот
залаја во дворот
кога се
отвори
вратата
и влезе монахот

## Д Р В О

Кога погледнав
низ
прозорецот
дрвото се беше
така
свиткало
што
        неговиот
                        врв
ја
                        допираше
                            земјата
и за врвот
со левата

рака го држеше еден
човек
и со десната го удираше со чекан
од 200 gr.
и
викаше
пукни! пукни!
пукни! пукни!
и дрвото земаше
сила
се исправаше
и свиткувајќи
се ту на едната, ту на другата
страна
го удираше човекот од земјата
и
викаше
пукни! пукни!
пукни! пукни!
и дојде друг човек
чијашто дланка беше голема
колку што беше голем
претходниот
човек
и го смачкуваше него
и го фаќаше дрвото за врвот
и го свиткуваше

и со чекан од 20000 gr.
го удираше дрвото
и викаше
пукни! пукни!
пукни! пукни!
и дрвото порасна
толку големо
што кога
се исправи и зема сила
го фрли џинот на небото
и луѓето
дрвото го нарекоа секвоја
и џинот така
тресна на небото
што тоа помодре
и оттогаш е сино
и чеканот падна врз главата
на
    еден
        друг
            човек
и му направи таква
                    џумка
и толку го заболе
што од бес
удираше по него
          со

својот
чекан
и со удирањето го заостри
и кога му помина
бесот
и виде што направил
заострениот чекан го нарече
секира
и луѓето се изнасобраа
околу него
и сите во еден глас рекоа:
отсега дрвото ќе го сечеме со
секира!
и од тогаш дрвото се сече со
секира

А небото е
сино
сино...



зад
бар-кодот
секогаш
се
крие
едно џуџенце
со големи уши
големи
кружни очи
и шилест нос
кое

постојано
те
набљудува

## В Е Ш Т И Н А

Коњот на опашот
имаше
око
со кое ги загледуваше
случајните
минувачи

## $CH_3Cl$

Во фрижидерот
завиваше виулица...

Смрзнатата кокошка
од горниот дел
полека се симнуваше
во потоплиот
долен дел

Зад неа
беа останати смрзнати
двете
обезглавени
морски риби

Во фрижидерот
завиваше виулица...

Од мразот
јагодите беа цврсти како
камен

Вратата беше затворена

светилката не светеше

Во фрижидерот
завиваше виулица...

Кокошката невешто се
лизна
од павлаката
ја поттурна вратата
која се отвори
и
светилката се запали

Виулицата престана
мразот почна да се топи

Дојде пролет
„тоа стрвно време“[2]

---

[2] Најверојатно стих од подолните пластови на меморијата

## У Р О К Л И В А   Ѕ В Е З Д А

**Внимавај!**
на небото има
ѕвезда
која ако ја
погледнеш
како што не треба
може
и да умреш

## НЕКА БИДЕ ВОЛЈАТА ТВОЈА...

*(ūреобразба)*

на терасата
слета
гулаб
кој
само што ја допре
нејзината површина
се претвори
во сива
мачка

# ДИЈАЛОГ

## С Т О Л Б

од трева
и мирисни растенија

Се движи
кружно (ротира околу својата
оска)
ги прескокнува оградите
поминува низ сеното

кон шумата
кон шумата

Ја зголемува
брзината

Околу него се крева прав

Се извишува
повисоко
и
повисоко

Се забодува во небото
небото
станува
црвено

Ѕвездите бледнеат

## Д И Ј А Л О Г

– Ти си пастеризатор или одлика на
некоја поезија?
– Јас сум совесна критика.

**2 5**

’Колку се?‘, го праша овој
’25‘, му одговори
’Дали ги преброи убаво?‘
’Да.‘
’Сигурен ли си дека се 25?‘
’Да, точно 25. Да ги земам ли?‘
’Не остави ги. Доста се.
25, а?‘
’25.‘

Потоа го извади ножот
и го закла
Ги зема сите 25
самиот

И со неговите 52
станаа
77

Откако ги изброја сите една по
една, рече:
’Престар сум.‘
Потоа клапна и умре на место.

## **СОНЦЕТО ПОНЕКОГАШ...**

Сонцето понекогаш
е голем жолт правоаголник
куќите се лилави
и разиграни

Само елките
се зелени сунѓерчиња
во кои се забодени игли
и залепени на кафени (дрвени)

стапчиња

                                        од

сладолед
се преправаат
дека растат
растат
р
а

с
т
а
т постојано...

## **У Т Р О**

Кога ќе станеш од
спиење
и кога ќе видиш
дека твојот прстен
оставен на ноќното масиче
се претворил во малечко топче
продолжи со спиењето

Сé уште не е разденето

**В Е Н Е Р А  Р О Д Е Н А**
**В О  П Е Н А**

„Еден збунет млад човек“[3] (  )
седи во „Сквер“
загледан кон плоштадот
додека
од пената на пивото
налеано
во кригла од 0,5ℓ
поставена
на масата пред него
се раѓа Венера.

[3] Наслов на првата поетска книга на Марко Петрушевски

## ТРИПАТИ БЕСКОНЕЧНОСТ И ЕДЕН ПРОБЛЕМ

Земи лопата
ископај дупка
копај ја бесконечно време
копај ја бесконечно длабока
(останува да се реши проблемот
со исфрлањето на земјата
нагоре, надвор од дупката)[4]
фрли ја лопатата
и искачувај се нагоре[5]
(за што ќе ти треба) бесконечно

време
кога ќе го дофатиш работ
застани на него
и скокни

---

[4] Проблемот беше решен после 8 дена од создавањето на оваа песна со поставување на бесконечна лента.

[5] Немој да ја употребуваш бесконечната лента!

Потоа бесконечно време
ќе паѓаш
паѓаш
н
а
д
о
л
у
.
.
.

# З А Б Л У Д А ! ?
# Н Е Ш Т О Ч У Д Н О С Е С Л У Ч У В А С О Ж О Л Т А Т А М А Ч К А И Л И Н Е К О Ј С А К А Н Е К О М У Н Е Ш Т О Д А М У П О Д М Е Т Н Е ?

## *I.*

Пред три (3) месеци
сонив сон
во кој:
во нивната куќа
со пиштол
сум ги убил:
1. жена на возраст од околу
четириесет години
2. девојче на возраст од околу три
години,
надвор пред скалилата:
3. маж на возраст од околу
четириесет години
на самиот крај од дворот

близу до улицата
под некое зимзелено дрво:
4. маж на возраст од околу
четириесет години
мачката, жолта
која стоеше
близу до оградата
се протна низ неа
и отрча по улицата

***II.***

Денес,
во еден сосема друг сон
во кој јас
бев истражниот судија
и во истата таа куќа
го водевме обвинетиот
да направиме
рекапитулација на настанот:
прво беше жената (1.)
па девојчето (2.)
потоа пред скалите
беше мажот (3.)
На самиот крај од дворот
близу до улицата
под зимзеленото дрво

беше вториот маж (4.)
Потисната со неговите нозе
лежеше мачката, жолта
ранета во левата нога
Кога се доближивме до неа
се измолкна и отрча
куцајќи (на три (3) нозе) низ
улицата

* * *

Во воздухот
останува да виси
заврзано на два рибарски конци
прикрепени за невидлива оска
прашањето:
Дали некој сака некому нешто да
му подметне?

# МЕТРИЧКИ СОН ЗА ПОТОПОТ ВО СТРОГА КОМПОЗИЦИЈА

*На Санде Стојчевски*

И голема река надојде денес
и донесе смут и болести разни,
сите тргнаа кон своите сказни
и заспаа во сон со посебен лес:

Во сонот на богови силни принес
од жртви бројни, на олтари мазни
им даваа за да не трпат казни.
Овие пак оѕверени во занес

Сити од крв животинска, без престан
што ја пијат секој ден, посакаа
да ги обесчестат по овој настан

жените нивни, што се расплакаа.
Кога мажите викнаа на застан,
бозите умот им го разштракаа.

***С***

***кой***

***је,***

***24***

***ма***

***рт***

***200***

***2***

## О Ч И

Столот на расклопување
со портокалово
платно, оптегнат
ставен во песокта
покрај некоја вода
со рамна површина

врз која
лебди рендгенска
снимка.

Јас сето тоа
од страна
го набљудувам.

## **Д А М А**

Лустерот се движи
по плафонот
со чекори
на коњ по шаховска табла
потоа дијагонално
и пред да
се смири сосема[6] малку се
помрднува
(што изгледа како за едно поле)

Лустерот никогаш нема да стане
дама

---

[6] Зборот сосема во овој контекст на стихот има нејасно значење, односно не се знае дали тој се однесува на првиот дел од стихот: „се смири сосема“ или пак на вториот: „сосема малку се помрднува“. Можеби и на двата одеднаш! (Во овој случај најдобро е да се стави запирка и стихот да гласи: „се смири, сосема малку се помрднува“) Но тоа е сепак тешко да се стори, од проста причина што песната е веќе отпечатена.

# Т Е Х Н И Ц И З А М
## ( Τ ε χ ν ι κ ή )

## ТЕХНИЦИЗАМ
## (Τεχνική)

Стол со слободни
сфаќања за животот
имитира
кукла

Со левиот наслон
за раката
го чеша наслонот
за грбот
а со десниот
седалото
од долната страна!?

## Г Р Е Д А  И  П Р О З О Р Е Ц

Гредата го потпира
расклатениот прозорец
и од немајкаде,
од чиста здодевност
туку ќе извика:
Во сите книги-
-есеи (тука на правливиот
прозорецот ја испишува својата
омилена формула:

$$\mathbf{l(r.df)\ (T\int_{10}^{30}\ RV\int_{20}^{90}\ F16/8)}$$ [7]

се споменува реченицата

---

[7] Никогаш не прашувај ја гредата за формулата и нејзиното значење, оти ќе се раздрдори и ќе почне да ти раскажува за нејзините хербариуми и инсектариуми и во тоа дрдорење толку ќе се заборави што ќе го пушти прозорецот кој ќе падне и ќе се искрши, а згора на сé ако и ти бидеш премногу близу, сето тоа може да се заврши со несреќни последици за тебе.

на Лотреамон
за убавината
на случајната средба
на еден чадор
и една машина
за шиење!!!
Потоа ќе зевне ќе се протегне
малу
и
продолжува со молчењето.

## КАФЕНИ ГУМЕНИ ВЛЕЧКИ

Седи во автобусот
со наведната глава
гледајќи
во својот расклопен весник
свртен со тилот

кон мене

потоа го склопува весникот, се
врти
кон мене
очите му се разнобојни
и гледаат во различни
правци

Се насмевнува

Повторно ја наведнува

главата

го расклопува весникот
но сега тоа е некој сосема
друг весник

На нозете носи
кафени гумени влечки

## Т Е Х Н И Ц И З А М
## ( Τ ε χ ν ι κ ή )

Стол со слободни
сфаќања за животот
имитира
кукла[8]

---

[8] Во мојата тетратка поезија ја забележав, без да се сетам кога сум ја запишал, следнава мимикрична песна која овде се појавува како фуснота; песна→фуснота➔ $\sum_{\text{фуснота}}^{\text{песна}} \approx \begin{matrix} \text{пес} & \text{усн} \\ \text{наф} & \text{ота} \end{matrix}$ ➔ песнафуснота:

**Кукла убиец**
Кукла од крпи
со копчиња место очи
убива луѓе

Со левиот наслон
за раката
го чеша наслонот
за грбот
а со десниот
седалото
од долната страна!?

## С Ѐ   Е   Ж И В О ...

Жив е и мојот јорган
кој дише во ритамот
на отчукувањата на неговото
волнено срце

## **Н Е Ш Т О**

***(Според песната „Жапче“ од книгата „Ру“)***

Препарирана птица
закачена ( со шајки тројка
заковани во нозете
со широка глава „за подобро да
држи“
и премачкани со црна боја
„за оддалеку да не се познаваат“)[9]
на гранка од некое дрво
а во блиската грмушка
скриен грамофон
(приклучен на акумулатор
и ставен на **REPEAT**)[10]
од кој на цел глас
се слуша црцорењето

---

[9] Опис на шајките; во наводници; “”” и “”’- зборови на мајсторот

[10] Податоци за количество енергија **(Q)**

на таа птица
проткаено со гребењето на
иглата по плочата

***или многу подобро:***

препарирана птица
закачена
на гранка од некое дрво,
а во блиската грмушка
скриен грамофон
од кој на цел глас
се слуша црцорењето
на таа птица
проткаено со гребењето на
иглата по плочата.



(Нешто + дожд)$^2$– (ништо +
облаци) :
(многу години – 3) +
азбука/букви
и ⅓ од неа
+ буквите а, е, и, о, у
сето на трета

буквите кои се самогласки
и буквите кои се согласки
не мора да бидат употребени
секогаш сите

за да ја замислиме
целата онаа вода
од првиот стих на песната
и тоа
нешто x 40 (пати зголемено;
видено со двоглед)
е брод кој се лула на брановите

невидливото е ветер

видливото видливо поради
светлината

**INSECTURIA**

**INSECTURIA**

Тој,
Ноќе мочаше светулки
кои ја осветлуваа целата
шума

# ПРЕЦИЗНА МЕХАНИКА

Лустерот се заниша,
стана една голема уста
(крвава со многу заби)
и како што лежев на креветот
ме голтна со се пижами[11]

---

[11] Поради постоењето на временско-просторна дупка (токму на оваа страница од книгава), односно неможноста точно да се одреди континуумот на временско-просторните координати на песната „Време и простор; Барање“ при самото нејзино печатење се случува целосна разградба, како на буквите, така и на самиот текст, па, затоа се отпечатува песната „Прецизна механика“. Поточно временско-просторната дупка создава илузија дека овој простор не е празен и дека на негово место егзистира песната „Прецизна механика“. Од тие причини на внимателниот читател му препорачувам за да го добие текстот на песната „Време и простор; Барање“ да испрати e-mail на адресата: modra_spila@yahoo.com . Откако

ќе го добие текстот на песната во електронска форма, и откако ќе го отпечати, да го исече и залепи токму врз песната „Прецизна механика“, со тоа секој таков примерок од песната „Време и простор; Барање“ ќе добие нови временско-просторни координати кои ќе ја дефинираат посебната реалност за секое нејзино посебно постоење. (Истото да се направи и со насловот на песната во содржината.)

# З Г Р А Д А
# С Е Д У М К А Т Н И Ц А
# - О П И С -

Зградата има голема уста
која се наоѓа на
кровот
гласот ѝ е длабок

таа пее француски
                    шансони

Под настрешницата
за железата кои ја потпираат
се држи еден човек
облечен во кафено одело
палтото му е искинато и виси
                    држејќи се само за
едното рамо

под него лае
          пес
              со запенета муцка.

**C H A T**

Додека Марија chat-уваше
на својот компјутер
црвениот лустер во форма на
топка
со ококорени очи зјаеше
во мониторот.

Во мигот
кога Марија се дрзна на својот
соговорник да му напише:
„nekako si mi mnogu ogranicen“
лустерот ги оптегна двете
раце
на десната ја навлече ракавицата
за бејзбол
и со сета сила ја плесна Марија
            по тилот
по што таа се залепи во
мониторот
и кога се сврти кон лустерот
сета преплашена и изненадена
овој и се искези в лице и
ѝрече:

„сите сте вие ограничени!“[12]

[12] Преку овој стих оваа песна остварува субверсатилна комуникација со песната „Ру слуша глас“ од книгата **Ру** (Скопје; Макавеј-2001)

# ПО КОЈЗНАЕ КОЈ ПАТ СИ ГИ МИЈАМ ЗАБИТЕ

Само јас останав
на дното од Севиља
а вие продолживте
заедно со ковачот
носејќи ги коњите
преку Онаа река
која вие добро ја знаете;
Ооо!, мои некогашни домаќини
вашата прекрасна куќа
што сега фрла сенки
на четирите страни од светот
зарем нема Онаа река
                    да ги разјаде
темелите
зарем нема поради тоа
          вашата куќа да падне
вие и вашите потомци
да изгинете и изгниете.

Тоа е сосем доволно да се каже!

Тоа, само тоа, дождот што паѓа
            веќе трет ден
одвртената славина во бањата
јас по којзнае кој пат
            си ги мијам забите
и да ги оставиме коњите
нека преминат преку Онаа река
зашто не ќе се знае
ни патот
ни мостот
ни куќата
ни сенката на југ…

а дождот

Ееееееј дожду!

**Ф А Т И  Ј А  Л У Н А Т А**
**( т и  л о ш ,  л о ш ,**
**ч у в а р у )**

Фрли ја музиката ти
лош чувару на луна-
паркот
фати ја луната
фати ја луната
Подај ни го возот
не тој!
Оној малиот со гумени
тркала
и на секој дај ни по еден
вагон
добро…
добро…
Дај ни по еден автомобил
да се обидеме само
ти лош чувару на
луна-паркот
фрли ја музиката
и фати ја луната.

Фати ја луната!

# ВАРИЈАЦИИ ЗА ДВЕ ВИОЛИНИ, ВИОЛА ДА ГАМБА И КЛАВИЧЕМБАЛО

Целиот тој пат го поминавме
заедно
што пеш, што на коњи
таа постојано беше со нас
жена помеѓу тројца мажи
навечер крици на животни што се
јадат
            меѓусебно
на пладне ветрушка[13] којашто
кружи по небото
се движевме околу замок во кој
постојано
            се свиреше
-„Варијации за две виолини,
виола да гамба и

---

13 Ветрушка (Falco tinnunculus)

клавичембало“-
-понекогаш ќе кажеше таа.
Некогаш се раскажуваа и
приказни
за братот кој прв го убил брата си
за филозофот бисексуалец и
онанист
без сосема никаков смисол…

-„Варијации за две виолини,
виола да гамба и
клавичембало“-
-понекогаш ќе кажеше таа.
Патот е се потесен,
се рони под копитата на
изморените
коњи
камењата се тркалаат во
бездната
имиња, имиња и само имиња беа
испишувани
    на тој бескраен
    список
без сосема никаков смисол…

Список за што? Список за кого?
Стиховите се пеат самите, само-

задоволни од себеси
извртени во круг (повторно, повторно)
во форма на дијалог, пред крстопатот:

Првиот: Сега каде?
Вториот: Лево.
Првиот: Јас сепак мислам десно…
Третиот: Продолжуваме право.

И?[14]

Доаѓаме во една куќа, полна со жени и мажи
седнати на столови нишалки
со весници во рацете - читаат, читаат –
со очила со голема диоптрија - читаат, читаат –
очите им се зацрвенети и им солзат.

Да, да,

---

[14] „Завиткано во целофан“ – според Александар Кирковски.

-„Варијации за две виолини,
виола да гамба и
клавичембало“-
-понекогаш ќе кажеше таа.

Токму тука,
мојата стрина секое утро за
појадок
го испива езерото.

## Б Е А  Л И ?

Дали беа коњаници или не
не знам
но од тука патот секогаш
изгледаше како да е обвиен со
густ облак прав.

Потоа долго не можев да
заспијам...
(тоа го знаев,
според бројот на звуците
предизвикани од пуштената вода
од казанчето на соседот...
...четири пати во ноќта;
а колку ли ноќи?)

Подоцна дознав дека мојата
стрина
со позајмениот велосипед

го дигала густиот прав на патот

Немало никакви коњи ниту коњаници.

**<u>Наравоучение:</u>** Уличната светилка во текот на ноќта повеќе пати се пали и се гаси. На тој начин ѝ се продолжува животот. (!?)

## НАВИСТИНА ЛИ ТЕЧЕ ТУШОТ ВО БАЊАТА, ИЛИ САМО ТОА МЕНЕ ТАКА МИ СЕ ПРИЧИНУВА?

Откако ги собравме тиквите
од
градината
мојата стрина дојде и одбра

две-три од нив
останатите ги оставивме
да се исушат
и ги поделивме
за печење | за варење | за
подарување

Вечерта дојдоа двајца;

тоа беа информации од
втора рака
непроверени
„чисто“ озборување
глагол до глагол
глагол
над
глаголот.

Потоа, целата таа ноќ не заспав

И дали,
дали мојата стрина ги испече,
ги
свари
или направи слатка штрудла од
нив?

Двајцата или тиквите.
Тиквите или двајцата.

Глаголот
над
глагол.

## И Г Р А ;   Н О Ќ [15]

Како ретко кога, ~~оваа ноќ~~
оваа ноќ мојата стрина
го облече својот долг фустан
            со фалти
се качи на масата
и почна да игра во тактот
на само неа познатата мелодија
(која тивко, нечујно ја
потпевнува)

Во тие мигови на веселба

[15] Препишано според оригиналот на компјутер.

мојот стрико се затвора во подрумот
каде што има една голема карпа и со чеканот
откорнува парчиња ~~од неа безмилосно~~
од неа
безмилосно

Поетот,
(тој во овој случај ги има иницијалите Х.Е.[16]) ~~([2] и местото наполно~~
белокос ~~не му е тука)~~
белобрад
со дополу изгорена цигара во левата
рака
~~мрмори нешто,~~
во дневната соба од нивната куќа
(седи на својата работна маса од полно дрво
во длаборез)
нешто мрмори,

---

[16] И местото наполно не му е тука.

а нешто се обидува да запише

Јас ~~притискајќи го~~ засвонувајќи
на

sвончето
на влезната врата
од оваа куќа
ја давам смислата на песнава.

**М И Г**

## H O L L Y   M A C A R O N I ! [17]

Од каде се најде
оваа макарона
под мојот прозорец на симсот[18]
сварена
и исколвана (но сепак доволно
цела
за да може да се нарече
макарона)?

[17] Според цртаниот лик на Хомер Симпсон од цртаната серија "The Simpsons"

[18] Спомнувањето на симсот, не може, а да не предизвика реакција на спонтано пеење на песната Come undone од Duran Duran

…Can't ever keep from falling apart
At the seams
Can't I believe you're taking my heart
To pieces …

## Т Е О Р И Ј А

Ако во овој момент[19] се наоѓаш
на место во вселената
оддалечено 2000
светлосни години
од планетата Земја
и
ако имаш доволно
моќен телескоп со кој ќе
можеш да ги
видиш лицата на луѓето
и
ако објективот

[19] Важи за земјениот датум 24 април 2033 год. пресметано приближно според моменталните историски сознанија; (се разбира ако си вешт во пресметките и имаш попрецизни сознанија ќе можеш точно да го одредуваш времето и точките за набљудување

на тој телескоп
го насочиш кон територијата
на Израел
Ерусалим, ридот Голгота
ќе можеш
да го видиш распнувањето на
Исус,
страданието, грчот на неговото
лице

## Л О Г И К А

Музика
е
плискање
на водата
кога поетот
си ги мие
нозете

Вториот став
од деветата симфонија на
Бетовен
е музика

Вториот став
од деветата симфонија на
Бетовен
е
плискање
на водата
кога поетот
си ги мие
нозете

**К У Ќ А** [20]

Сенката која до тој миг беше

неподвижна
почна да дише
наизменично се зголемуваше
и се намалуваше

Светилката наврвтена во грлото

            на столната ламба
се исклешти,
ги покажа белите заби.

Креветот на кој спокојно лежев
                                                            се
протресе
ги рашири своите силни рачишта

[20] Да се спореди со другите песни за мебелот од книгата „Ру“

(за кои до тогаш не знаев ни дека
постоеле)
го зграпчи душекот
ме завитка цврсто во него, и
извика:
"Човекот напиша книга,
книга која личеше на мене!"[21]

Покуќнината се затресе
како да имаше земјотрес од 3,8
степени

според европската
макросеизмичка скала
и почна да танцува невнимавајќи
на ритамот
на звукот којшто го испуштаа
ѕидовите.

Кујната го отвори шишето со
бело вино
си налеа во чашата
и отпи една голтка,

---

[21] Според: The Future Sound of London-Dead Cities; "I had killed a man; a man who looked like me"

му пристапи на стариот кауч
од дневната соба
којтанцуваше и премногу добро
за своите години...[22]

...По 35 дена
во дворот се испили[23] гарнитура
за седење
со боја на кујната
и цврстина на стариот кауч од
дневната

соба.

[22] Едноставно не може ова општо место да остане неподвлечено...

[23] Ова поради тоа што во дворот 35 дена стоеше едно огромно јајце.

## СТАРЕЦОТ, НЕНАДЕЈНО

Ненадејно,
додека старецот
со луле в уста
и книга во рацете
седејќи во сенката
под црешовото дрво
во платнената столица на
расклопување,
падна сувиот лист
кој ги расштрака своите вилици
и во миг

во еден Blitzkrieg
скокна врз десната рака
на старецот
и целата подлактица
му ја изгриза до коска
кога се смири
и крцкајќи се распадна во ситна
прав

Старецот
поради ненавремена лекарска
интервенција
умре
од преобилно крварење.

## Н Е В О С П И Т А Н И Е

Мачката
легната врз кровот од гаражата
немо ја набљудува
радиостаницата
пред неа
која ги титка
(со пискотлив звук од слушалките
поставени до неа)
знаците од морзеовата азбука:

_ · _ · _ · · _ · · · _ _ · _ _ · _
_ · _ _ _ _ _ · · _
_ · _ · _ _ · _ · _ ·

# М И Г

Црната цевка
испушта црни шумолења[1],
потоа, тишина.

Наутро околу неа
наоѓам трошки
сронет[3] малтер[2].

---

[1] чудни звуци
[2] околу неа и во неа нема никакви знаци на живот!!!
[3]
с~~р~~онет = сонет
~~с~~ронет = ронет
~~срон~~ет = ет = @
~~сро~~нет ≈ net. =
= network = мрежа

---

сронет = мрежа ↴

“sonet@net.”

⇓

мрежа од сонети

⇓

сонетен венец

# ГУЛАБОТ СЛЕТА НА БАЛКОНСКАТА АНТЕНА

Дали ако јас
седнат на фотелјата
под прозорецот
до масичката за
телевизорот

ја протресам
масичката за телевизорот
(со телевизорот на неа
и грамофонот поставен на
долната платформа)

поради тоа што таа
претходно крцкаше
и сега,

по тоа, мислам, по
протресувањето:
колку време таа нема да крцка?

односно, колку време ќе ѝбиде
потребно за таа да почне
повторно
да крцка? и дали некогаш ќе
почне
повторно да крцка?

## ВРАПЧЕТО СЕ ПРВКА ВО СУВАТА ЗЕМЈА ВО САКСИЈАТА БЕЗ ЦВЕЌЕ

Гледам во зеленото јаболко
поставено над некаков учебник
поставен (централно) на
кујнската маса.
(зошто ли на ова јаболко му ја
извадиле
рачката?)

Го земам
Го мијам
Го јадам

Иако е ноември
сé уште има оси.

***Скопје, 05 ноември 2004***

## С М Р Т Т А
## П О Н Е К О Г А Ш . . .

Се искачува алпинистот
по планина
од гранитни метафори

ги забодува
алузиите во попатните
пукнатини

и низ нив
го провлекува цврстото јаже
на својата суета.

## ДОДАТОК:

## МОРЗЕОВА АЗБУКА

| | | |
|---|---|---|
| A .- | N -. | 0 ----- |
| B -... | O --- | 1 .---- |
| C -.-. | P .--. | 2 ..--- |
| D -.. | Q --.- | 3 ...-- |
| E . | R .-. | 4 ....- |
| F ..-. | S ... | 5 ..... |
| G --. | T - | 6 -.... |
| H .... | U ..- | 7 --... |
| I .. | V ...- | 8 ---.. |
| J .--- | W .-- | 9 ----. |
| K -.- | X -..- | Fullstop .-.-.- |
| L .-.. | Y -.-- | Comma --..-- |
| M -- | Z --.. | Query ..--.. |

**С О Д Р Ж И Н А :**


***Д Р В О***

**Ц Р Н О Т О  И**
**Б Е Л О Т О**

**Ш А Р К А**

**Д Р В О**

**Б А Р - К О Д О Т**

**В Е Ш Т И Н А**

**$CH_3Cl$**

**У Р О К Л И В А**

**Ѕ В Е З Д А**

**Н Е К А  Б И Д Е**
**В О Л Ј А Т А**
**Т В О Ј А . . .**

***Д И Ј А Л О Г***

**С Т О Л Б**

**Д И Ј А Л О Г**
**2 5**

**С О Н Ц Е Т О**

**П О Н Е К О Г А Ш . .**
**.**

**У Т Р О**

**В Е Н Е Р А**
**Р О Д Е Н А  В О**
**П Е Н А**

**Т Р И П А Т И**
**Б Е С К О Н Е Ч Н О**
**С Т И Е Д Е Н**
**П Р О Б Л Е М**
**З А Б Л У Д А ! ?**
**Н Е Ш Т О Ч У Д Н О**
**С Е С Л У Ч У В А**
**С О Ж О Л Т А Т А**
**М А Ч К А И Л И**
**Н Е К О Ј С А К А**
**Н Е К О М У**
**Н Е Ш Т О Д А**
**П О Д М Е Т Н Е ?**
**М Е Т Р И Ч К И**
**С О Н З А**
**П О Т О П О Т В О**
**С Т Р О Г А**
**К О М П О З И Ц И Ј**
**А**
**О Ч И**
**Д А М А**
***ТЕХНИЦИЗАМ( Τ ε χ ν ι κ ή )***
**Т Е Х Н И Ц И З А М**
**( Τ ε χ ν ι κ ή )**
**Г Р Е Д А И**
**П Р О З О Р Е Ц**

**К А Ф Е Н И**
**Г У М Е Н И**
**В Л Е Ч К И**
**Т Е Х Н И Ц И З А М (**
**Τεχνική)**
**СЀ Е ЖИВО**
**Н Е Ш Т О**



***I N S E C T U R I A***

**I N S E C T U R I A**
**П Р Е Ц И З Н А**
**М Е Х А Н И К А**
**З Г Р А Д А**
**С Е Д У М К А Т Н И**
**Ц А**
**- О П И С -**
**С Н А Т**
**П О К О Ј З Н А Е**
**К О Ј П А Т С И**
**Г И М И Ј А М**
**З А Б И Т Е**
**Ф А Т И Ј А**
**Л У Н А Т А**
**( т и л о ш , л о ш ,**
**ч у в а р у . . . )**

**В А Р И Ј А Ц И И**
**З А Д В Е**
**В И О Л И Н И ,**
**В И О Л А Д А**
**Г А М Б А И**
**К Л А В И Ч Е М Б А**
**Л О**
**Б Е А Л И ?**
**Н А В И С Т И Н А**
**Л И Т Е Ч Е**
**Т У Ш О Т В О**
**Б А Њ А Т А , И Л И**
**С А М О Т О А**
**М Е Н Е Т А К А**
**М И С Е**
**П Р И Ч И Н У В А**
**И Г Р А ; Н О Ќ**
***М И Г***
**H O L L Y**
**M A C A R O N I !**
**Т Е О Р И Ј А**
**Л О Г И К А**
**К У Ќ А**
**С Т А Р Е Ц О Т ,**
**Н Е Н А Д Е Ј Н О**
**Н Е В О С П И Т А Н**
**И Е**

**М И Г**
**Г У Л А Б О Т**
**С Л Е Т А Н А**
**Б А Л К О Н С К А Т**
**А А Н Т Е Н А**
**В Р А П Ч Е Т О С Е**
**П Р В К А В О**
**С У В А Т А**
**З Е М Ј А В О**
**С А К С И Ј А Т А**
**Б Е З Ц В Е Ќ Е**
**С М Р Т Т А**
**П О Н Е К О Г А Ш . .**
**.**
**Д О Д А Т О К :**
**М О Р З Е О В А**
**А З Б У К А**